www.upoz.org.mk

Синдикален
# Билтен

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 50 (2) АПРИЛ - ЈУНИ 2008

### ШЕСНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 20.05.2008 ГОДИНА

# АКТИВНО УЧЕСТВО НА СИНДИКАТОТ НА ИЗБОРИТЕ

**Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на Шеснаесеттата седница на Претседателството имаше две точки на расправа околу предвремените парламентарни избори - учество на синдикални независни кандидати за парламентарните избори и организирање кампања за поддршка и расправа во врска со синдикалното организирање во Синдикатот на УПОЗ по парламентарните избори.**

На седницата беше разгледана и усвоена информацијата за штрајкот во правосудните органи кој заради предвремените избори мораше да биде прекинат (да мирува) до конституирањето на нова Влада и почеток на преговори.

Повеќегодишната идеја на синдикатот за активно вклучување во изборните процеси со свои независни кандидати конечно ќе се реализира на предвремените парламентарни избори што ќе се одржат на 1 јули 2008 година. Имено, во Изборната единица 1 поднесена е кандидатска листа на 20 независни кандидати - синдикални активисти чиј носител е Генералниот секретар на Синдикатот на УПОЗ Пецо Грујовски.

Активностите кои претходеа на поднесување на кандидатурата-поддршка од 1 000 граѓани со потписи во подрачните единици на Министерството за правда беа успешно и навреме завршени, па така сега и синдикатот за прв пат ќе може да учествува во изборната трка.

Членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ расправајќи по ова прашање дадоа поддршка на активностите сугерирајќи притоа одредени предлози со цел да се оствари посакуваната цел - влез на синдикатот во Парламентот на свои претставници. Тоа секако ќе овозможи поавтентично да се слушне гласот на синдикатот во највисокиот законодавен дом во државата и секако предлагање на закони кои се од интерес за членовите и пошироко за работниците во Македонија.

За таа цел беше договорено сите синдикални активисти кои припаѓаат на Изборната единица 1 да направат максимални напори и да го анимираат своето членство, овој пат да гласаат за свои претставници. Ваквата поддршка е најцелисходна во овој момент од причини што досегашното владеење на партиите не беше позитивно во релациите со синдикатот како и можност на неопределените гласачи да ги поддржат синдикалните претставници.

Во продолжението на седницата беше расправано околу изборната кампања и настапот во јавноста со цел овој изборен циклус да биде максимално искористен и истиот да биде поволен за синдикатот.

### Се посилни партиски влијанија меѓу членството

Заради се почестите и посилни партиски влијанија меѓу членовите на синдикатот, на дневен ред на седницата на Претседателството беше поставена и точката за синдикалното организирање во Синдикатот на УПОЗ по парламентарните избори. На седницата беше истакнато дека повеќе од една година се прави партиски притисок врз членовите на синдикатот да се откажат од членство во синдикатот и истовремено да се зачленат во други, на власта блиски синдикати. Најсилното влијание го почуствуваа членовите на Синдикатот на УПОЗ во Агенцијата за вработување на РМ каде „упадот“ беше направен во самиот врв. Имено, прет-

►►► 2



# ШТРАЈКОТ ВО МИРУВАЊЕ

Продолжението на штрајкот во правосудните органи одржан од 18 до 20 февруари, согласно одлуката беше предвиден да продолжи на 25 февруари. Меѓутоа по отпочнатите преговори меѓу претставниците на Синдикатот на УПОЗ и Министерството за правда, на 26 февруари се постигна согласност за прифаќање на одредени барања, заради што беше договорено штрајкот да продолжи на 31 март, на денот на правосудството. Меѓутоа, со оглед на тоа што тогаш се одржуваше Самитот на НАТО во Букурешт на кој требаше да се расправа и за приемот на Македонија во НАТО, Извршниот одбор на Синдикатот на УПОЗ донесе заклучок, продолжението на штрајкот сепак да отпочне на 7 април 2008 година.

На состанокот одржан на 5 април кој го имаа претставниците на Синдикатот на УПОЗ со Министерот за правда Михајло Маневски и од кого се очекуваше да се постигне конечен договор, министерот Маневски заборавајќи на обврските од средбата на 26 февруари кои

►►► 3

1 ◄◄◄

седателот на оваа синдикална организација Билјана Чкламовска беше унапредена на работното место (раководител) што му овозможи на работодавачот целосно да завладее со синдикалната организација. Така преку неа беа реализирани сите притисоци врз вработените (преку анкети и сл.) за изјаснување дали сакаат да преминат во новоформираниот синдиикат. Но сепак и покрај силните притисоци огромниот број од членовите останаа доследни и не попуштија под притисоците. Притисоци имаше и уште во неколку други организации, но за среќа не наидоа на поддршка.

Ваквите активности на некои партиски членови потпомогнати од поединци-кариеристи немаат за цел да ја унапредат синдикалната работа, туку да го ослабнат синдикатот како организација. Од овие причини на седницата се расправаше со цел членовите да бидат предупредени со се она што се случува, со и околу синдикатот, особено и со она што ќе се случува и по изборите. Затоа на седницата беше заклучено да се настојува со конкретни активности и контакти со членството да им се укаже на опасноста од ваквите идеи на некои партиски „јуришници“ кои имаат за цел да го разединат синдикатот а не преку новоформирани синдикати да ги унапредува правата на работниците.

### Штрајкот во правосудните органи прекинат

Членовите на Претседателството на седницата расправаа и по Информацијата за штрајкот во правосудните органи. Притоа тие констатираа дека штрајкот беше одлично организиран затоа што го искажуваше огромното незадоволство на вработените од ниските плати, лошите решенија во Предлог - Законот за Судска служба и уште многу други прашања кои создадоа огромен револт меѓу вработените.

Со оглед на тоа што во текот на штрајкот Собранието на РМ се самораспушти а со тоа владата ќе функционира како техничка, неминовно беше штрајкот да биде прекинат односно ставен во мирување се до конституирањето на новата влада и отпочнување на преговори. Согласно ваквиот Заклучок, по конституирањето на новата влада, Синдикатот на УПОЗ веднаш ќе побара преговори во врска со главните барања од штрајкот: еднакви права за сите вработени во правосудните органи, донесување на Законот за Судска служба во кој ќе бидат вградени предлозите и забелешките на Синдикатот на УПОЗ и потпишување на колективните договори.

### Надоместоците треба да се исплаќаат според колектвните договори

Надоместоците за превоз и исхрана кои од потпишувањето на колективните договори не се исплаќаат согласно одредбите на договорот, членовите на синдикатот извесен период ги остваруваа по судски пат. Имено, веднаш по потпишувањето на колективниот договор во 1994 година, тогашната влада со Законот за извршување на буџет ја оганичи исплатата  и тоа за превоз - 900 денари и за исхрана - 2 300 денари. Според колективниот договор овие надоместоци треба да се исплаќаат - за превоз, во висина на вистинските и реални трошоци или околу 1 500 денари доколку се користи само еден автобус и за исхрана-25 насто од просечната плата исплатена во претходните три месеци во државата или околу 3 800 денари (за мај). Бидејќи по добивањето на судските пресуди кои налагаа исплата согласно колективните договори државата и натаму не сакаше да го почитува она за што се обврзала, и со политичка одлука преку Врховниот суд, овие надоместоци се исплаќаа согласно Законот за извршување на буџет а синдикатот беше оневозможен по судски пат да го остварува ова право по судски пат. Од овие причини синдикатот поднесе иницијатива пред Уставниот суд за оценување на уставноста на Законот за извршување на буџет. Со оглед на тоа што Уставниот суд ги укина членовите од споменатиот закон со кој се ограничуваа надоместоците за превоз и исхрана, останува истите да се исплаќаат согласно колективните договори.

## ЗА ТЕКОТ НА ШТРАЈКОТ ОДЛУЧУВАА СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Имајќи ја предвид настаната состојба во врска со најавата за распишувањето на предвремени избори, Синдикатот на УПОЗ ги анкетираше сите синдикални организации од правосудните органи. Во писмото упатенио до нив се вели:

„Во врска со продолжението на штрајкот во основните и апелационите судови кое е доведено во прашање заради иницијативата за распуштање на Собранието на РМ, сакаме да ве информираме за следново:

Доколку Собранието не донесе одлука за распуштање, тогаш штрајкот ќе продолжи во понеделник (14.04.2008 година) и според препораката од претходното писмо ќе се блокираат судовите со жив ѕид со што ќе се оневозможи било какво судење.

Доколку пак Собранието донесе одлука за самораспуштање, тогаш е потребно да го искажете вашиот став - дали штрајкот да продолжи или да биде ставен во мирување до формирање на нова влада.

## МНОЗИНСТВОТО ОДЛУЧИ ШТРАЈКОТ ДА МИРУВА

Веднаш по изјаснувањето на синдикалните организации врз основа на нивното изјаснување беше донесена одлука и тие веднаш беа информирани за следново:

Врз основа на изјаснувањето на синдикалните организации од правосудните органи поради политичката ситуација во земјата настаната со распуштање на Собранието на РМ, штрајкот што започна на 7.04.2008 година се става во мирување.

За штрајкот да биде ставен во мирување се изјаснија 20 синдикални организации од судовите а за негово продолжување се изјаснија седум.

1 ◄◄◄

ги презедоа неговите соработници, ладнокрвно предложи синдикатот да донесе одлука штрајкот да биде откажан. На прашањето од претставниците на синдикатот, дали ова значи дека ќе бидат прифатени барањата, тој одговори дека нема да бидат прифатени, оценувајќи дека штрајкот бил неоправдан и со политичка заднина. Тоа беше ставот на министерот кој до крајот на состанокот не одстапи од своите ставови.

Не помогнаа ниту аргументираните ставови дека штрајкот има пред се социјален карактер и дека едно од барањата се платите. Иако министерот Маневски за време на минатогодишниот штрајк рече дека платите на судската администрација се ниски и дека барањата на штрајкувачите се оправдани, овојпат препозна некаква политика. Наместо во период од осум месеци од кога се случи првиот штрајк во правосудството во неговиот мандат, тој да работи на изнаоѓање решенија, тој едноставно работеше против барањата на штрајкувачите кои тој ги оправда. Несфатлива беше ваквата постапка на министерот кој почна да обвинува заради што претставниците на синдикатот му предложија, на денот на продолжетокот на штрајкот 7 април да дојде пред вработените во трите скопски суда и да им го понуди истото решение - откажување на штрајкот. Доколку вработените го прифатат тоа, му беше предложено, синдикатот е подготвен да ја преиначи својата одлука и да го откаже штрајкот. На тоа министерот одговори „Нема што јас да доаѓам пред вработените, јас ви кажав што треба да направите а вие што сакате правате". Така заврши средбата со министерот од која синдикатот очекуваше изнаоѓање на решенија а не закани и дискфалификации.

Штрајкот продолжи на 7 април според одлуката и се одвиваше според договорот. Во првите денови штрајкувачите беа и пред вратите на судовите со цел револтот и незадоволството да го видат и оние кои не сакаат или не можат да го видат. За разлика од претходните штрајкови во правосудството кога дел од судиите вршеа притисок врз вработените, овојпат и тие беа на страната на своите колеги од судската администрација. Дури и неколкуте (1-2) претседатели на судови кои претходно вршеа притисок врз вработените, овојпат престанаа и штрајкот се одвиваше без проблеми. Иако судовите беа блокирани, тоа за министерот ништо не значеше. И наместо да бара решение, тој едноставно се одлучи да ги игнорира вработените во неговиот ресор. Гледајќи го таквиот однос на надлежните а пред се на министерот за правда и владата, беше договорено доколку до крајот на неделата (12 април) не почнат преговори и не се изнајде решение, на 14 април судовите во целата држава ќе бидат блокирани од вработените со жив ѕид а со цел да ги натераат оние кои се надлежни да преговараат и да изнајдат решение.

Меѓутоа, сосема неочекувано на 11 април пратениците во Собранието на РМ донесоа одлука за самораспуштање. Од тој момент владата беше техничка и едноставно таа немаше легимитет за носење на било какви одлуки а со тоа синдикатот остана без легитимен преговарач.

Така штрајкот доби поинаков тек и имаше две опции кои ги заговараа вработените - да се продолжи штрајкот независно колку ќе трае се додека не се одговори позитивно на барањата или штрајкот да се стави во мирување и да се чека формирањето на новата влада и евентуално нов министер на кои уште од првиот ден ќе им се „испорачат" барањата и ќе се бараат преговори.

Дел од штрајкувачите беа упорни во настојувањата штрајкот да продолжи без оглед на последиците кои ќе настанат во правосудните органите со образложение: „Ако власта не мисли на нас, зошто ние да мислиме за последиците кои ќе настанат„. Меѓутоа и покрај се меѓу штрајкувачите преовлада разумот и беше донесена одлука штрајкот да биде ставен во мирување до конституирањето на новата влада и отпочнувањето на преговори.

Каква ќе биде судбината на штрајкот и неговото евентуално продолжение ќе зависи од новата влкада и новиот министер за правда. Доколку и тие се однесуваат игнорантски, повеќе од сигурно е дека штрајкот ќе продолжи и ќе трае се додека не се добијат позитивни одговори на барата на синдикатот.



## ЧЕТИРИНАЕСЕТТИ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ (5 - 8 ЈУНИ 2008)

# ОД ГОДИНА ВО ГОДИНА СЕ ПОДОБРО

Убавата традиција воспоставена пред четиринаесет години со организирање на Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ, продолжи и годинава. По четиринаесетти пат членовите на нашиот синдикат имаа можност во спортски дух и дружење заеднички да поминат три незаборавни дена. Домаќин во последниве пет години е градот Охрид и прекрасните хотели Метропол и Белви.

Но оваа убава, корисна и интересна традиција некои работодавачи се обидоа да ја нарушат недозволувајќи им на своите вработени да присуствуваат на ова спортско дружење. Така за првпат на игрите не учествуваа екипите на Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи како и Фондот за здравство. Но и покрај се, на Четиринаесеттите спорстки игри на УПОЗ се собраа над 450 учесници организирани во 16 екипи. Тие се натпреваруваа во седум дисциплини во машка, седум во женска конкуренција и една заедничка дисциплина.

Како и минатата година, така и оваа на игрите учествуува и 40 - тина учесници на Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска во рамките на возвратната посета. Имено, само еден месец пред тоа 40-тина членови на Синдикатот на УПОЗ беа гости на своите колеги од Хрватска во Задар. Исто така беа присутни и гости од Синдикатот на управата и правосудството од Црна Гора.

Четиринаесеттите спортски игри и средби беа свечено отворени на 5 јуни во вечерните часови на фудбалското игралиште на хотелот Метропол. Прв на присутните им се обрати градоначалникот на градот домаќин - Охрид, Александар Петрески. Пожелувајќи им топло добредојде на сите гости тој им посака пријатен претстој во древниот и космополитски град Охрид

Во името на Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска пред присутните се обрати претседателот Борис Плеша кој напомена дека овие средби ќе продолжат затоа што, не само што на нив се дружиме и запознаваме, туку разговараме и за синдикалните проблеми. Претседателот пак на Синдикатот на управата и правосудството на Црна Гора Зоран Масоничиќ истакна дека тој се залага овие средби да прераснат во регионални средби на синдикатите од повеќе држави.

На крајот пред присутните зборуваше претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски кој накусо се осврна на некои позначајни активности на синдикатот во изминатиот период. Тој напомена дека годинашниве спорстки игри и средби се во знакот на големиот јубилеј - 100 години синдикално движење во Македонија. Со тоа тој ги прогласи игрите за отворени по што следуваше спектакуларен огномет.

Како и минатите години првото спортско натпреварување беше дисциплината крос воедно и најмасовна во која учествуваа безмаку сите учесници. Вториот и третиот ден беа натпреварите во сите други дисциплини. И покрај тоа што основниот мотив е да се учествува на овие натпревари а резултатите да бидат во втор план, сепак натпреварувачкиот дух не изостануваше во било која дисциплина. Во жарот на борбата можеби имаше и по некој поостар дуел, но се беше во рамките на фер - плејот.

По дводневно натпреварување, Четиринаесеттите спортски игри и средби завршија на 7 јуни со свеченото прогласување на победниците кое започна околу 21 часот. Потоа следуваше незаборавна другарска вечер за сите учесници и гости на која беше впечатливо задоволството и доброто расположение. Како што е вообичаено најдобрите односно првопласираните добија пехар и диплома а второ и третопласираните признанија.

Севкупен победник на Четиринаесеттите спортски игри и средби беше екипата на Царинската управа, второто место го освои екипата на Државниот завод за геодетски работи а третопласирана е екипата на Фондот за ПИОМ.






**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува:
**Пецо Груевски**
• Подготовка за печат "Макформ"– Скопје
• Тираж 600 примероци


## РЕЗУЛТАТИ

Севкупен победник на игрите -
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Севкупен победник во машка конкуренција
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Севкупен победник во женска конкуренција
**ФОНД ЗА ПИОМ**

Награда за фер - плеј
**КАЗНЕНО - ПОПРАВНИ УСТАНОВИ**

### *МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА*

Мал фудбал - Прво место
**Државен завод за геодетски работи**

Кошарка - Прво место
**Цариска управа**

Одбојка - Прво место
**Државен завод за геодетски работи**

Пинг - понг - Прво место
**Воена болница**

Шах - Прво место
**Царинска управа**

Стрелаштво - Прво место
**Министерство за транспорт и врски**

Крос - Прво место
**Воена болница**

### *ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА*

Баскет - Прво место
**Локална самоуправа**

Одбојка - Прво место
**Царинска управа**

Пинг - понг - Прво место
**Фонд за ПИОМ**

Шах - Прво место
**Државен завод за геодетски работи**

Стрелашво - Прво место
**Царинска управа**

Пикадо - Прво место
**Фонд за ПИОМ**

Крос - Прво место
**Министерство за финансии и УЈП**